Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија " бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18), и („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/19 , 14/20, 215/21 и 99/22), член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас , начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, , како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција , во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија бр. 11/15 и 35/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 303/21), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Битола бр. 01-02 од 03.09.2015 г., бр. 01-01 од 10.05.2017 година... Одделението за управување со човечки ресурси објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 04/2023**
**за унапредување на административен службеник**

1.Се објавува Интерен оглас, за пополнување на слободно работно место, по пат на унапредување за следното работно место:
1. работно место со ред. бр. 47
**УПР 0101В01000 Советник проценувач на недвижен имот**
Секторот за финансиски прашање, Одделение за администрирање со приходи
**1 извршител**
согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Битола бр. 01-02 од 03.09.2015 г., бр. 01-01 од 10.05.2017 година...

услови за работното место за соодветното ниво и тоа:

**Општи услови**
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**
ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; Градежништво водостопанство или архитектура, урбанизам и планирање или економски науки

- 3 години работно искуство во струката

**При ова административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:**
- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас.
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Општи работни компетенции**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции**
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) .
- работно искуство од најмалку 5 години во област на процена на недвижен имот;
- да има положено стручен испит за проценувач на недвижен имот;

**Распоред на работно време**
Работни денови – Понеделник-Петок
Работни часови неделно 40
Работно време од 07,30-15,30 часот
**Нето плата** 34000 денари

---

2. Заинтересираниот административен службеник, вработен во Општина Битола поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата до Организационата единица за управување со човечки ресурси, како и до службената електронска адреса на вработеното лице во Организационата единица за управување со човечки ресурси.
( **kireg@bitola.gov.mk).**

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни , а доставените докази верни на оригиналот.
Постапката ќе ја спроведи Комисија за селекција и унапредување формирана од страна на Секретарот на Општина Битола. Постапката се состои од две фази: админиситративна селекција и интервју.

3.Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас на web страната на институцијата и на страната на Агенцијата за администрација.

4.Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека доставените податоци и докази се лажни ќе биде дисквалификуван од понатамошната постапка по огласот.

Бр.04-126/4
17.10.2023
Битола

Раководител
на Одделение за управување со човечки ресурси
Кире Ѓоргиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА